Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 67 став 3 од Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16 и 80/17), на седницата одржана на 28 ноември 2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за одобрување на**
**Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа**

1. Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа на ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, СЕ ОДОБРУВААТ.

2. Одобрените Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа се во прилог на ова Решение.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Операторот на електродистрибутивниот систем, ЕВН Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, согласно член 67 став 2 од Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16 и 80/17) до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија со допис бр. 02 – 4526/1 од 15 ноември 2017 година, достави предлог текст на Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа, заради одобрување.

По предлог текстот на Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа се одржа подготвителна седница на 27.11.2017 година во просториите на Регулаторната комисија за енергетика. Имајќи во предвид дека на подготвителната седница немаше забелешки во однос на доставениот предлог текст, на ден 28 ноември 2017 година се одржа и главна седница на Регулаторната комисија за енергетика.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение, незадоволната страна може да изјави жалба до Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на нејзиното објавување во Службен весник на Република Македонија.

**бр. 02-1971/1**
**28.11.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**